

ООУ “КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ “ С. БИСТРИЦА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**за работа на ООУ” Крсте Петков Мисирков”с.Бистрица**

**за учебната 2024/25 година**

Врз основа на член 113 од Законот за Основно образование „Службен весник на РС Македонија бр.161/2019 , директорот на училиштето поднесува

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ООУ “КРСТЕ П. МИСИРКОВ” с. БИСТРИЦА
# за учебната 2024/2025 година

ОУ “Крсте Петков Мисирков”с. Бистрица во учебната 2024/25 година има запишано вкупно 341 ученици.Во состав на училиштето работат вкупно 13 подрачни училишта и 39 паралелки, од кои 18 чисти паралелки и 6 комбинирани паралелки со настава на македонски наставен јазик, како и 5 чисти паралелки и 10 комбинирани паралелки со настава на албански наставен јазик.

Во централното училиште во с. Бистрица, работат вкупно 13 чисти паралелки со настава на македонски наставен јазик и тоа по една паралелка во I, II, III, IV и V одделение и по две паралелки од VI – IX одделение, со вкупно 140 ученици.

Во учебната 2024/2025 год. работеше и полудневен престој со 2 групи и тоа: од 18 ученици и еден наставник во Бистрица и 20 ученици во полудневен престој во ПУ Кравари.

Во подрачното училиште во с. Кравари со настава на македонски наставен јазик има вкупно 5 чисти паралелки од I – V одделение со вкупно 41ученици..

Во комбинираните паралелки со настава на македонски наставен јазик опфатени се вкупно 26 ученици од I-V одделение во 6 паралелки во следните подрачни училишта: с Оптичари, с Егри, с Кременица, с Породин, с. Лажец и во с. Канино.Во ПУ.Олевени и во ПУ Барешани. паралелките се во мирување.

Во ППУ во с. Кишава со настава на албански наставен јазик опфатени се вкупно 63 ученици од кои 53 се во VI–IXво 4 чисти паралелки и ученици од I-V во 2 комбинирани паралелки.

Во комбинираните паралелки со настава на албански наставен јазик работат 10 паралелки со вкупно 81 ученици во следните подрачни училишта: Мецитлија- 1, Жабени- 1, Лажец- 1, Велушина -1 и Острец -2 паралелки и 2 комбинирани паралелки во с. Граешница и 1 чиста паралелка.

- ***Организација и реализација на наставата***

Согласно Календарот за организација на учебната 2024/25 година, учебната година започна на 02.09.2024 год. а првото полугодие заврши на 30.12.2024 година. Зимскиот распуст започна на 31.12.2024 и заврши на 19.01.2025 а второто полугодие започна на 20.01.2025 и заврши на 10.06.2025 год.

Наставата во текот на учебната 2024/25 се организираше и реализираше согласно Наставниот план и наставните програми донесени од БРО и МОН.

Наставата во училиштето ја изведуваат вкупно 66 наставници од кои 41 наставници во одделенска настава ( од кои 25 на македонски наставен јазик и 16 на албански наставен јазик) и 25 наставници во предметна настава од кои ( 15 на македонски наставен јазик и 10 на албански наставен јазик). Во училиштето работат еден помошник директор на албански наставен јазик, 1 педагог, 2 психолози(1 на македонски 1 на албански наставен јазик) и 2 библиотекари кои се грижат за унапредување на воспитно-образовната работа во училиштето.
Оваа учебна година , има еден образовен асистент, ангажиран од ресурсниот центар Кочо Рацин, за ученикот

со посебни образовни потреби.

Во централното и во сите подрачни училишта во учебната 2024/2025 година, Годишната програма на училиштето беше целосно реализирана и се работеше според Наставниот план и наставните програми за основно образование, како и согласно насоките и препораките добиени од Министерството за образование, Бирото за развој на образованието и ДПИ.Оваа учебна година од прво до шесто одделение, наставата се реализираше согласно новите наставни програми, за кои наставниците следеа соодветни обуки.Учебната година заврши со 180 наставни- работни денови во паралелките на македонски наставен. јазик и со 180 во паралелките на албански наставен јазик .

Во текот на учебната 2024/25 година, целосно беа завршени сите активности од здравствена заштита на учениците (вакцини и систематски прегледи) за учениците,кои беа планирани согласно Програмата за здравствена заштита и имунизација од страна на Центарот за јавно здравје. Исто така, беа реализирани и неколку едукативни предавања од страна на медицински лица од ЦЈЗ-Битола за здравствена заштита и актуелни теми од здравствена едукација на учениците како ( здрава храна, дијабетес,физичка активност,имунизација и сл..) Беше реализирано и предавање за сообраќајна култура и безбедност во сообраќајот за учениците од шесто и седмо одделение, од страна на претставници од СВР –Битола на 16. 12.2024 год.

На 27.05.2025 беше реализирана Симулациона вежба за заштита и спасување од пожар и експлозија во соработка со службите за итна интервенција (ОО Црвен Крст,СВР, ЦУК, ТППЕ, ИМП )според однапред подготвено сценарио. Во вежбата за евакуација од пожар и експлозија учествуваа 97 ученици и 18 наставници и други вработени лица во училиштето.

Од оваа учебна година по барање од МОН се започна со изработка на Акциски план за подобрување на безбедноста и добросостојбата на учениците и сите чинители во воспитно-образовниот процес , на ниво на училиште. Со Акцискиот план се планираат работилници, предавања, истражувања и други активности со учениците, со цел да се подобри менталното здравје и безбедноста на учениците и сите вработени во училиштето.Стручната служба ги планира и реализира активностите и еднаш месечно доставува извештај до МОН за реализираните активности.

- ***Постигања на учениците***

Средниот успех на учениците за учебната 2024/25 изнесуваше 4,11 а во споредба со 2023/24 година кога изнесуваше 4,26 е незначително понизок .Согласно законските одредби од пред неколку години, за примена на сумативно оценување од 7-9 одд. и комбинирано во вториот период од 4-6 одд, учениците од 1-6 одд. беа описно оценети и на тримесечие и на полугодие. На крај учениците од 4-6 беа оценети со бројчани оцени и немаше неоценети ученици.

Што се однесува до редовноста, može да се каже дека во поглед на редовноста кај учениците, оваа учебна година вкупниот број на изостаноци на крај, изнесува 8527, од кои 8086 оправдани и 441 неоправдани изостаноци. Во споредба со предходната учебна година е значително зголемен бројот на оправдани изостаноци а бројот на неоправдани е намален оваа година, и тоа 2023/24 на крај имаше вкупно 7691 изостаноци од кои 7031оправдани и 660 неоправдани изостаноци. Во просек секој ученик има по 23 оправдани и по 1 неоправдан изостанок..

Стручната служба редовно врши советувања со родители на ученици со 3 и повеќе слаби оцени, нередовни ученици, како и советувања на родителите на ученици со поголем број на неоправдани и оправдани изостаноци. Покрај советувањето на родителите,редовно се врши и советување на учениците со слаб успех, нередовните ученици(со над 100 оправдани и над 10 неоправдани изостаноци), како и со учениците кои се недисциплинирани и со

изречени педагошки мерки.Согласно Законот за основно образование, во училиштето формирани се тимови за поддршка кои работат на советување на учениците со изречени педагошки мерки ,со цел надминување на проблемот.На полугодие беа изречени 6 педагошки мерка и тоа: намалено поведение –добар (4) на следните ученици:Марио Јовановски 7-а,Андре Биркановик 8-а, Марија Димовска 8-б, и Петар Чанџуковски 9-б и писмени опомени (2) на следните ученици: Марко Ристевски 7-а и Ардијан Шабановски 8-а, и усна опомена (1) Бесар Алитовски ,8 одд, Кишава. Сите педагошки мерки беа изречени поради недисциплина и недолично однесување, освен Усната опомена поради 10 неоправдани изостаноци. Оваа година немаше изречени педагошки мерки поради поголем број неоправдани изостаноци како во предходните години.На крајот од учебната година ,немаше изречени педагошки мерки.

За учебната 2024/25 год, за покажаниот одличен успех и примерно поведение беа пофалени следните ученици:Ана Трајковска 6б,Филип Јовковски 7а,Петар Кондовски 7-а,Ангела Николовска 7а, Дамјан Јовановски 7б, Андреј Стрезовски 8-а ,Доротеа Димовска 8-б, Анабела Стојковска 8-б,Михаела Наумовска 8-б и Јована Стевоска 9б.

Во текот на учебната 2024/25 година успехот на учениците, како и предходниоте години се евидентираше во евидентни листи за сите ученици од прво до деветто одделение. Учениците од прво до трето одделение целосно се оценуваат со описна оценка, а од учебната 2019/20 година , со измените на Законот за основно образование и учениците од 4-6 одд. се оценуваат комбинирано (описно на тримесечие и на полугодие и сумативно само на крај) а од 7-9 одд. се оценуваат сумативно.Евидентниот лист за успехот им се доставува на увид на родителите во пишана или во електронска форма редовно после секое тримесечие,како и на полугодие.Оценувањето и во учебната 2024/25 год. се реализираше согласно Годишниот план за оценување а целта на активностите беше пред се, објективност и непристрасност.Оценувањето исто така беше планирано во Годишната програма за работа на училиштето, како и во годишните програми за работа на директорот, стручната служба, стручните активи и во планирањата на наставниците.



- ***Професионален развој на наставниот кадар***

Стручните активи се значаен фактор кој влијае на квалитетот на наставата и редовно одржуваат состаноци на кои се застапени тековните новини и известувања, а во голема мера е застапено и планирањето и реализацијата на заеднички проекти, отворени часови и консултации во врска со актуелните проектни активности и други актуелни аспекти на воспитно-образовната работа.За работата на стручните активи редовно се водат записници од одржани состаноци за секој стручен актив посебно и истите работат согласно годишните програми за работа. Исто така претседателите на стручните активи редовно одржуваат состаноци како и консултации и советувања со стручната служба во училиштето во врска со оценувањето, планирањето и реализација на редовната, додатнатна, дополнителната настава и воннаставни активности,МИО активности, интегрирање на екологијата во наставата и сл.Редовно им се дава поддршка на талентираните и надарени ученици, а исто така и помош на учениците со посебни образовни потреби, како и поддршка и помош на учениците со потешкотии и многу слаб успех.

Со оглед на фактот што усовршувањето на наставниците и професионалниот развој претставува еден од најважните фактори за унапредување на воспитно-образовната работа во училиштето, директорот им овозможува на сите наставници редовно да ги следат промените во образовната дејност, како и редовно следење на соодветните семинари и обуки кои ги организира Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и други акредитирани институции.Секој наставник и стручните соработници , на почетокот на секоја учебна година доставуваат личен план за професионален развој за тековната година.До минатата учебна година ,од страна на БРО се планираaa по 2 задолжителни обуки за секој наставник и стручен соработник а темите се избираа од листата на понудени обуки, индивидуално од страна на секој наставник и стручен соработник.

Во текот на учебната 2024/25 година беа посетени задолжителните обуки и семинари од наставниците, во организација на МОН и БРО.

Освен задолжителните обуки, во текот на учебната 2024/25 година повеќето од наставниците следеа и on- line обуки и вебинари од серијалот Едуино во организација на БРО и МОН,како и од други провајдери , по личен избор и желба.

- ***Тековни проекти и активности***

Тековните проекти: Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, ЕКО -проектот, Проектот за превенција од насилно однесување во училиштата, кои се инплементирани во наставата како и Проектите Математика со размислување и Јазична писменост во почетните одделенија и Проектот „Со читање до лидерство„ чија цел е да придонесе за подобрување на јазичните и математичките вештини кај учениције од почетните одделенија, зајакнување на професионалните компетенции на наставниците , како и подигање на свеста кај целата заедница за важноста на јазичната и математичката писменост.Овие проекти се инплементирани во наставата а техниките и стратегиите од нив во одделенска настава станува веќе секојдневна практика.

Продолжува и Проектот за Граѓанско образование и отворен ден за ГО со спроведување на ученички иницијативи и јакнење на демократското однесување на учениците во училиштето.

Аплицирањето за Јавниот повик за реализација на заеднички активности МИМО –мал грант е мал но значаен стимул за училиштето и преку реализација на повеќе проектни активности за меѓуетничка интеграција уште повеќе да ја подобриме меѓуетничката клима и интеркултурното образование кај учениците.. Оваа учебна година со овој проект се планирани да се реализираат повеќе самостојни активности за меѓуетничка интеграција во рамките на училиштето..

Во текот на оваа учебна година продолжува Проектот МИО и младинско учество со Стратегија за МИО и граѓанска вклученост, кој е проект преку Општина Битола .Во овој проект се планирани повеќе мултикултурни работилници и проектни активности.

Нов проект , од минатата учебна година е Проектот "Инклузивни општини преку квалитетно образование" , поддржан од Фондацијата Чекор по чекор,преку Општина Битола, во кој е вклучен психологот Арјона Исовска

- ***Инфраструктурни проекти и зафати***

Во текот на учебната 2024/25 година реализирани се следните инфраструктурни проекти и зафати:

| *Објект* | *Извор на финансирање* |
|---|---|
| **Бистрица** | |
| Поставени фотоволтаици од проект Сончеви училишта | Фондација Отворено општество |
| **Кишава** | |
| Средување на училишниот двор | Совет на родители |
| Вариолајт завеси во сите простории | иселеник од САД |
| Нов училишен мебел /клупи и столчиња/ | иселеник од САД |
| **Граешница** | |
| Нова ПВЦ дограма | иселеник од САД |
| Вариолајт завеси во сите простории | иселеник од САД |
| Нов под ламинат | |
| Нов училишен мебел /клупи и столчиња/ | иселеник од САД |
| Санирање на ѕидови и молерисување | иселеник од САД |
| Влезна патека до училиштето | иселеник од САД |
| **Велушина** | |
| Нова ПВЦ дограма | иселеник од САД |

| | |
|---|---|
| Вариолајт завеси | исселеник од САД |
| Нов училишен мебел /клупи и столчиња/ | исселеник од САД |
| Санирање на ѕидови и молерисување | приватен стопанственик |
| **Меџитлија** | |
| Нови внатрешни врати | исселеник од САД |
| Нов училишен мебел /клупи и столчиња/ | исселеник од САД |
| Вариолајт завеси во сите простории | исселеник од САД |
| **Жабени** | |
| Нова ПВЦ дограма | исселеник од САД |
| Нова ПВЦ врата | исселеник од САД |
| **Кравари** | |
| Нова водоводна инсталација | приватен стопанственик |

Многу значаен инфраструктурен проект за централното училиште беше Проектот„ ФООМ – Сончеви училишта„, преку Фондацијата „Отворено општество„,преку кој се инсталирани фотоволтаични соларни централи (панели) во училиштето во Бистрица,кои ке имаат бенефит за животната средина и заштеда на финансиски средства за електрична енергија.
Останатите проекти и зафати беа од донации на иселеници и приватни стопанственици ,во повеќе подрачни училишта.

- ***Соработка со локалната средина***

Денот на училиштето беше одбележан со полагање свежо цвеќе пред бистата на "Крсте Петков Мисирков" во паркот кај градскиот часовник. Како и секоја година така и оваа, учениците и наставниците од централното и од подрачните училиште по повод Денот на училиштето „ 18 Ноември" , имаа подготвено повеќе проектни активности а оваа година во централното училиште беше организирана централна приредба од одделенска и предметна настава, литературен и ликовен конкурс.На полагањето цвеќе .како и на приредбата присуствуваа гости од локалната самоуправа и градоначалникот д-р Тони Коњановски. На денот на училиштето беа доделени пофалници, награди и признанија на ученици кои зедоа учество во активностите по повод Денот на училиштето.По тој повод, на 19. 11. 2024 год, учениците од 1-5 одд. од Бистрица ја посетија Општина Битола и се дружеа со вработените и градоначалникот.

Во работата на училиштето значајно влијание има и соработката со локалната средината на релација училиште-семејство, соработката со други училишта, општествени, културни, здравствени и други установи, а пред се од посебно значење е соработката на училиштето со локалната самоуправа.Училиштето учествува во поголем број активности и проекти кои ги организира локалната самоуправа:3 Декември –Денот на лицата со попреченост,4.Ноември –Денот на ослободувањето на Битола,5.Октомври- Денот на учителот и др.

Училиштето соработува со други училишта и различни невладини, културно-уметнички и спортски организации и учествува на конкурси и натпревари по наставни предмети и области и воннаставни воспитно-образовни подрачја, како и посетува значајни културни, образовни и рекреативни манифестации, претстави, приредби,концерти, изложби и сл.

- ***Натпревари***

Во текот на учебната учебната 2024/25 год. ученици од училиштето учествуваа на следните натпревари и ги освоија следните места:

- Новогодишен натпревар по математика организиран од Сојузот на математичари на Македонија -две ПРВИ места: Дејан Стрезовски прво одделение и Бисера Манивиловска трето одделение
- Општински натпревари во одбојка на машка и женска екипа, освоено ВТОРО место –женска екипа,ментор Викторија Стојановски
- Училишен литературен и ликовен натпревар по повод патронен празник
- Учество на општински натпревар во футсал
- Регионален натпревар по англиски јазик , освоено ТРЕТО место Доротеа Димовска -7 одд, ментор Марија Поповска Тодоровска
- Општински натпревар по англиски јазик, ТРЕТО место освои Анастасија Котевски ,6 одд ,ментор Јулијана Златевска
- Општински натпревари во одбојка на машка и женска екипа,освоено второ место –женска екипа,ментор Викторија Стојановски
- Училишен литературен и ликовен натпревар по повод патронен празник
- Училишни натпревари по историја и општество и природни науки
- Учество на општински натпревар во футсал
- Пријателски натпревар во футсал со ООУ Коле канински – ПУ Буково
- Новогодишен натпревар по математика – две први места за Андреј Стрезовски и Бисера Манивиловска , ментори Јованка Трајчевска и Виолета Шурбановска
- Општински натпревар по математрика
  - Второ место Анабела Стојковска, ментор Снежана Сиљанова
- Општински натпревар по англиски јазик
  - Второ место Дамјан Јовановски и трето место Ана Трајковска, ментор Јулијана Георгиевска – Златевска
- Прва награда од публиката за Ева Чулаковска на конкурсот Креативен ден организиран од СОУ Таќи Даскало, ментор Анета Груевска
- Регионален натпревар по англиски јазик
  - Две втори места Дамјан Јовановски и трето место Ана Трајковска, ментор Јулијана Златевска
- Државен натпревар по англиски јазик
  - Трето место Ана Трајковска Дамјан Јовановски и трето место Ана Трајковска, ментор Јулијана Златевска

- Литературен конкурс под мотото „Заедно низ времето со љубов и почит по повод патрониот празник на ООУ Коле канински Битола, освоено III место Љубица Димовска ,Ментор: Гица Бизимоска

- ***Вонннаставни активности***

Во текот на учебната година наставниците од одделенска настава реализираа повеќе самостојни и 4 заеднички воннаставни активности од Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, со ученици на македонски и албански наставен јазик од нашето училиште, на следните теми:

1.Народните носии во мојата татковина
2.Децата можат да го променат светот
3.Виртуелен хербариум
4.Низ призмата на професиите

Одделенските наставници реализираа воннаставни активности и по повод некои значајни датуми и празници:

- 8.Септември –Ден на независноста на Македонија
- 5.Октомври- Светски ден на учителот
- 1-7. Октомври –Детска недела одбележана Детска недела - Мото: ,, Правата на детето - безбеден чекор кон среќно детство!' и прием на првачињата во Детската организација
- 04.Ноември Денот на ослободувањето на Битола
  - (Креативни работилници Со љубов за Битола по повод 4 ноември – ден на ослободување)
  - Учество во традиционалната ноќна трка организирана по повод 4 Ноември
- 18. Ноември –Денот на училиштето- одбележан патрониот празник со приредби по сите училишта
- 20.Ноември –Денот на албанската азбука
- 03, Декември –Ден на лицата со посебни потреби
  - По повод 3-ти Декември -Меѓународниот ден на лицата со попреченост учениците од Vодд. П.У.Кравари одржаа работилница на тема ,,Сите сме исти“
- 08. Декември –Св. Климент
- Предновогодишен саем во ОУ Славко Лумбарковски –с. Новаци (учествуваа ученици од 4 и 5 одд. од ОУ Крсте Петков Мисирков со свои изработки.)
- Новогодишни приредби по повод Нова година
- Учество во “Зимска Приказна“- секција по Германски јазик
- Второ издание на фестивалот „300 Работи, Триста“ и беше промовиран зборникот „Колегиумски записник во кој е застапен наш ученик Андреј Стрезовски
- 22 Април – Ден на планетата земја – изработка на плакати
- Активности по повод 5 Мај- Ден на македонскиот јазик
- Активности по повод 9 Мај -Денот на Европа

- ✓ Генералка викенд-  во организација на Министерството за образование и наука заедно со Бирото за аразвој на образованието ,нашите одделенски наставници организираа активности –Еко часови.
    - Пренесување вода низ растението
    - Здраво живеење
    - Природни богатства и нивна заштита – Подземни води и загадување на почва и вода;
    - :Влијание на човекот врз животната средина- Рециклирана бела хартија
    - Грижа за здравјето- Прочистување на вода
    - Горење
    - Грижа за околината- канта за отпадоци
  - ✓ 24 Мај  Св. Кирил и Методиј – Ден на словенските просветители (рецитали,презентации,проекти)
- ✓ Едукативн инклузивна работилница во Хераклеа ,Мојотмозаик“ по повод Денот на музеите во соработка со Завод и Музеј Битола
- ✓ Македонското научно друштво Битола во соработка со Општина Битола, во ОУ „Елпида Караманди“, организираа интерактивна работилница за учениците од основните училишта во Битола, во кои што се поставени фотонапонски електрични централи.Учениците  Михаела Наумовска  ,АнаТрајковска  и Андреј Стрезовски презентираа свои сознанија за енергетската ефикасност и обновливи извори на енергија, но и сопствени визии како ја гледаат иднината на еколошки „Зелена“ Битола.

- ***Екскурзии, излети ,посети***

-Еднодневен излет во блиската околина со рекреативен  карактер за учениците од одделенска и предметна настава беше реализиран на 07.09.2024 год.
-Посета на Општината Битола и градоначалникот од страна на учениците од одделенска настава од Бистрица на 18. 11. 2024 год.
-Посета на противпожарната единица  во Битола од страна на учениците од одделенска настава од Бистрица на 18. 11. 2024 год.
-Посета на предновогодишен саем во ОУ „Славко Лумбарковски„ с. Новаци, ученици од 4 и 5 одд. од Бистрица на 25 12. 2024 год.
-Посета на активности од “Зимска Приказна “ пред офицерски дом , ученици од одделенска настава  од Бистрица
-Посета на кино претстава  за учениците од одделенска настава  на 07.02.2025 год.

# СТАТИСТИЧКИ

## извештај за
## учебната 2024/25 година

Во училиштето наставата се изведува на:

Македонски јазик
Албански јазик

## ПРЕГЛЕД

***на вкупниот број на опфатени ученици во I одд.***
***и наставници на крајот на учебната 2024/2025 год.***

| Ред бр. | Наставен јазик | Вкупно опфатени ученици | Паралелки | Наставници |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски | 17 | 4 | 4 |
| 2. | Албански | 20 | 6 | 6 |
| 3. | Турски | | | |
| 4. | Српски | | | |

*Забелешка: Работат 4 чисти паралелки  во с. Бистрица , с. Кравари,и с.Граешница и с.Канино останатите ученици се прифатени во комбинираните паралелки во подрачните училишт

# ПРЕГЛЕД

***На изостаноците на учениците на крајот на  учебната 2024/20254год.***

| Наставен јазик | Одд. Вид | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Се |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | Оправдани | 314 | 420 | 110 | 245 | 169 | 647 | 1786 | 2504 | 830 | 7025 |
| | Неоправдани | / | / | / | / | / | 23 | 18 | 131 | 78 | 250 |
| | Се | 314 | 420 | 410 | 245 | 169 | 670 | 1804 | 2635 | 908 | 7275 |
| Албански јазик | Оправдани | 171 | 45 | / | 10 | / | 2 | 263 | 322 | 248 | 1061 |
| | Неоправдани | / | / | / | / | / | 13 | 10 | 111 | 57 | 191 |
| | Се | 171 | 45 | / | 10 | / | 15 | 273 | 433 | 305 | 1252 |
| ВКУПНО | Оправдани | 485 | 465 | 110 | 255 | 169 | 649 | 2049 | 2826 | 1078 | 8086 |
| | Неоправдани | / | / | / | / | / | 36 | 28 | 242 | 135 | 441 |
| | Се | 485 | 465 | 110 | 255 | 169 | 685 | 2077 | 3068 | 1213 | 8527 |

## ПРЕГЛЕД

***На испишани и неоценети ученици на крајот на учебната 2024/2025год.***

| Наставен јазик | I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вк. | ж | Вк. | ж | Вк. | ж | Вк. | ж | Вк. | ж | Вк. | ж | Вк. | ж | Вк. | ж | Вк. | Ж |
| Македонски јазик | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Албански јазик | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Турски јазик | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Српски јазик | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## ПРЕГЛЕД

***На поведението на учениците на крајот на***
***учебната 2024/2025год на <u>македонски и албански наставен јазик</u>***

| Одделение(мак) | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерно | 17 | 19 | 16 | 28 | 25 | 16 | 27 | 36 | 23 |
| Добро | | | | | | | | | |
| Незадоволително | | | | | | | | | |
| Одделение(алб) | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
| Примерно | 20 | 43 | 21 | 11 | 16 | 14 | 11 | 19 | 9 |
| Добро | | | | | | | | | |
| Незадоволително | | | | | | | | | |

# ПРЕГЛЕД

***На бројот на ученици со продолжен престој***

| Наставен јазик | Целодневен престој | | | | | | | | Дневен престој | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Групи | | | Ученици | | | Наставници | | Групи | | | Ученици | | | Наставници | | | |
| Македонски јазик | | | | | | | | | | | 2 | 38 | | | 2 | | | |
| Албански јазик | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Турски јазик | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Српски јазик | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

# ПРЕГЛЕД

***На ученици кои користат исхрана во учебната 2024/2025- год.***

| Наставен јазик | Исхрана во училишна кујна | Друг вид на организирана исхрана | Самоиницијативно од учениците |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | | | ✓ |
| Албански јазик | | | ✓ |
| Турски јазик | | | |
| Српски јазик | | | |

# ПРЕГЛЕД

***На наставен кадар на крајот на Учебната 2024/2025год***

| Наставен Кадар по наставни јазици | Одделенска настава | | | | | Предметна настава | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Наст ВСС | Наст ВШС | Наст ССС | Неоф обр | се | Наст ВСС | Наст ВШС | Наст ССС | Неоф обр | се | |
| Македонски јазик | 25 | | | | | 15 | | | | | 40 |
| Албански јазик | 16 | | | | | 10 | | | | | 26 |
| Турски јазик | | | | | | | | | | | |
| Српски јазик | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | 41 | | | | | 25 | | | | | 66 |

# ПРЕГЛЕД

***На раководниот и стручниот кадар на крајот од учебната 2024/2025год.***

| Работно место | Завршено образование | | Вкупен работен стаж | Работно искуство како директор, пом.директор и заменикдиректор,педагог, психолог, социолог |
|---|---|---|---|---|
| | ВСС | ВС | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| директор | 1 | | 20г 6м | 15г 6м |
| пом.директор | 1 | | 11г 6м | 5г 6м |
| педагог | 1 | | 36г 6м | 17г 6м |
| психолог | 2 | | 19г/3г 6м | 18г 6м/3г 6м |
| библиотекар | 3 | | 18г 6м/7г 6м/1г 6м | 18г 6м /2г 6м /1г 6м |

**Основно училиште Крсте П. Мисирков с. Бистрица**

# ПРЕГЛЕД

*На вкупниот број запишани ученици, паралелки(чисти) на крајот на учебната 2024/2025 год*

***макedonски наставен јазик***

| Училиште | Ученици и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | | II | | III | | IV | | V | | I-V | | VI | | VII | | VIII | | IX | | VI-IX | | I-IX | |
| | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч |
| Централни I-IX | **1** | **7** | **1** | **8** | **1** | **4** | **1** | **11** | **1** | **8** | **5** | **38** | **2** | **16** | **2** | **27** | **2** | **36** | **2** | **23** | **8** | **103** | **13** | **140** |
| Подрачни I-V | **1** | **8** | **1** | **8** | **2** | **10** | **1** | **7** | **1** | **10** | **5** | **43** | | | | | | | | | | | **6** | **43** |
| Подрачни I-IX | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | **2** | **15** | **2** | **16** | **3** | **14** | **2** | **18** | **2** | **18** | **11** | **81** | **2** | **16** | **2** | **27** | **2** | **36** | **2** | **23** | **8** | **103** | **19** | **184** |

**Основно училиште „Крсте П. Мисирков“ с. Бистрица**

# ПРЕГЛЕД

*На вкупниот број запишани ученици, паралелки(чисти) на крајот на учебната 2024/2025 год со настава на* ***албански наставен јазик***

| Училиште | Ученици и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | | II | | III | | IV | | V | | I-V | | VI | | VII | | VIII | | IX | | VI-IX | | I-IX | |
| | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч |
| Централни I-IX | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Подрачни I-V | 1 | 6 | | | | | | | | | **1** | **6** | | | | | | | | | | | **1** | **6** |
| Подрачни I-IX | | | | | | | | | | | | | **1** | **14** | **1** | **11** | **1** | **19** | **1** | **9** | **4** | **53** | **4** | **53** |
| Вкупно | | | | | | | | 1 | 6 | **1** | **6** | **1** | **11** | **1** | **19** | **1** | **9** | **1** | **15** | **5** | **4** | **53** | **5** | **59** |

**Основно училиште „Крсте П. Мисирков“ с. Бистрица**

# ПРЕГЛЕД

*На вкупниот број запишани ученици, паралелки(чисти) на крајот на учебната 2024/2025 год со*
*настава на* ***македонски и албански наставен јазик***

| Училиште | Ученици и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | | II | | III | | IV | | V | | I-V | | VI | | VII | | VIII | | IX | | VI-IX | | I-IX | |
| | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч | пр | уч |
| Централни I-VIII | **1** | **7** | **1** | **8** | **1** | **4** | **1** | **11** | **1** | **8** | **5** | **38** | **2** | **16** | **2** | **27** | **2** | **36** | **2** | **23** | **8** | **102** | **13** | **140** |
| Подрачни I-V | **2** | **14** | **1** | **8** | **2** | **10** | **1** | **7** | **1** | **10** | **7** | **49** | | | | | | | | | | | **7** | **49** |
| Подрачни I-IX | | | | | | | | | | | | | **1** | **14** | **1** | **11** | **1** | **19** | **1** | **9** | **4** | **53** | **4** | **53** |
| Вкупно | **3** | **24** | **2** | **16** | **2** | **14** | **2** | **18** | **2** | **18** | **11** | **87** | **3** | **30** | **3** | **38** | **3** | **55** | **3** | **32** | **12** | **155** | **24** | **242** |

**Основно училиште“ Крсте П. Мисирков“ с. Бистрица**

# ПРЕГЛЕД

*На вкупниот број запишани ученици во комбинирани  на*
*крајоот учебната  2024/2025 год*
***<u>македонски наставен јазик</u>***

| Училиште | Ученици и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I-III | | | II-IV | | | I-V | | | | | |
| | I | III | П | II | IV | П | I | II | III | IV | V | П |
| Централни I-V комбинирани | | | | | | | | | | | | |
| Подрачни I-V комбинирани | | | | | | | 2 | 3 | 2 | 10 | 7 | 5 |
| вкупно | | | | | | | 2 | 3 | 2 | 10 | 7 | 5 |

**Основно училиште“ Крсте П. Мисирков“ с. Бистрица**

# ПРЕГЛЕД

*На вкупниот број запишани ученици во комбинирани паралелки на крајот на*
*на учебната 2024/2025 год*
***албански наставен јазик***

| Училиште | Ученици и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I-III | | | II-IV | | | I-V | | | | | |
| | I | III | П | II | IV | П | I | II | III | IV | V | П |
| Централни I-V | | | | | | | | | | | | |
| Подрачни I-V Комбинирани | | | | | | | 19 | 13 | 21 | 11 | 16 | 7 |
| вкупно | | | | | | | 19 | 13 | 21 | 11 | 16 | 7 |

**Основно училиште “Крсте П. Мисирков“ с. Бистрица**

# ПРЕГЛЕД

*На вкупниот број запишани ученици комбинирани паралелки на крајот на*
*прво полугодие на учебната 2024/2025год*
***македонски и албански наставен јазик***

| Училиште | Ученици и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I-III | | | II-IV | | | I-V | | | | | |
| | I | III | П | II | IV | П | I | II | III | IV | V | П |
| Централни I-V | | | | | | | | | | | | |
| Подрачни I-V Комбинирани | | | | | | | 21 | 16 | 23 | 21 | 23 | 12 |
| вкупно | | | | | | | 21 | 16 | 23 | 21 | 23 | 12 |

**Основно училиште “Крсте П. Мисирков“ с. Бистрица**

# ПРЕГЛЕД

*На општиот успех на учениците по наставни јазици на крајот на учебната 2024/2025 год*
***македонски наставен јазик***

| 6.25 | Вкупно Ученици | | 1 одлични | | 2 Мн.добри | | 3 добри | | 4 доволни | | Вкупно | | 1 Со 1 сл | | 2 Со 2 сл | | 3 Со 3 сл | | 4 неоценети | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | ж | Бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | не | % | |
| I | 17 | 12 | Учениците описно се оценуваат | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| II | 19 | 9 | Учениците описно се оценуваат | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| III | 16 | 9 | Учениците описно се оценуваат | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| IV | 28 | 14 | 16 | 57.14 | 8 | 28.57 | 4 | 4.28 | | | 28 | 100 | | | | | | | | | 4.71 |
| V | 25 | 14 | 17 | 68.00 | 6 | 24.00 | 2 | 8.00 | | | 25 | 100 | | | | | | | | | 4.60 |
| I-V | 105 | 58 | 33 | 62.26 | 14 | 26.41 | 6 | 11.32 | | | 53 | 100 | | | | | | | | | 4.65 |
| VI | 16 | 7 | 4 | 25.00 | 6 | 37.50 | 5 | 31.25 | 1 | 6.25 | 16 | 100 | | | | | | | | | 3.81 |
| VII | 27 | 12 | 6 | 22.22 | 12 | 24.44 | 8 | 29.62 | 1 | 3.70 | 27 | 100 | | | | | | | | | 3.85 |
| VIII | 36 | 17 | 14 | 38.88 | 7 | 19.44 | 11 | 30.55 | 4 | 11.11 | 36 | 100 | | | | | | | | | 3.97 |
| IX | 23 | 10 | 4 | 17.39 | 6 | 26.08 | 12 | 52.17 | 1 | 4.34 | 23 | 100 | | | | | | | | | 3.56 |
| VI-IX | 102 | 46 | 28 | 27.45 | 31 | 30.39 | 36 | 35.29 | 7 | 6.86 | 102 | 100 | | | | | | | | | 3.79 |
| I-IX | 207 | 104 | 61 | 45.18 | 45 | 33.333 | 42 | 31.11 | 7 | 5.18 | 155 | 100 | | | | | | | | | 4.22 |

**Основно училиште “Крсте П. Мисирков“ с. Бистрица**

# ПРЕГЛЕД

*На општиот успех на учениците по наставни јазици на крајот на учебната 2024/2025 год*
***албански наставен јазик***

| 42 | Вкупно Ученици | | 1 одлични | | 2 Мн.добри | | 3 добри | | 4 доволни | | Вкупно | | 1 Со 1 сл | | 2 Со 2 сл | | 3 Со 3 сл | | 4 | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | ж | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | не | % | |
| **I** | **20** | **12** | **Учениците описно се оценуваат** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **II** | **13** | **5** | **Учениците описно се оценуваат** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **III** | **21** | **13** | **Учениците описно се оценуваат** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **IV** | **11** | **7** | **2** | **18.18** | **8** | **72.72** | **1** | **9.09** | | | **11** | **100** | | | | | | | | | **4.09** |
| **V** | **16** | **7** | **5** | **31.25** | **7** | **43.75** | **3** | **18.75** | **1** | | **16** | **100** | | | | | | | | | **4.25** |
| **I-V** | **81** | **44** | **7** | **25.92** | **15** | **5.555** | **4** | **.8114** | **1** | **03.7** | **27** | **100** | | | | | | | | | **4.17** |
| **VI** | **14** | **9** | **4** | **28.57** | **8** | **57.14** | **2** | **14.28** | | | **14** | **100** | | | | | | | | | **4.14** |
| **VII** | **11** | **7** | **5** | **45.45** | **5** | **45.45** | **1** | **9.09** | | | **11** | **100** | | | | | | | | | **4.36** |
| **VIII** | **19** | **12** | **4** | **.0521** | **3** | **15.78** | **12** | **63.15** | | | **19** | **100** | | | | | | | | | **3.57** |
| **IX** | **9** | **2** | **2** | **10.52** | **3** | **333.3** | **4** | **44.44** | | | **9** | **100** | | | | | | | | | **3.77** |
| **VI-IX** | **53** | **33** | **15** | **.3028** | **19** | **35.84** | **19** | **5.84** | **1** | **1.88** | **53** | **100** | | | | | | | | | **3.96** |
| **I-IX** | **134** | **77** | **22** | **27.50** | **34** | **42.50** | **23** | **28.75** | **1** | **1.25** | **80** | **100** | | | | | | | | | **4.06** |

# ПРЕГЛЕД

*На општиот успех на учениците по наставни јазици на крајот на учебната 2024/2025 год*
***македонски и албански наставен јазик***

| Одд. | Вкупно | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | Вкупно | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ученици | | одлични | | Мн.добри | | добри | | доволни | | | | Со 1 сл | | Со 2 сл | | повторува | | | | |
| | Се | ж | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | не | % | |
| **I** | **37** | **24** | **Учениците описно се оценуваат** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **II** | **32** | **14** | **Учениците описно се оценуваат** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **III** | **37** | **22** | **Учениците описно се оценуваат** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **IV** | **39** | **21** | **18** | **46,15** | **16** | **41,02** | **5** | **12,82** | | | **39** | **100** | | | | | | | | | **4,33** |
| **V** | **41** | **21** | **22** | **53,65** | **13** | **31,70** | **5** | **12,19** | **1** | **2,43** | **41** | **100** | | | | | | | | | **4,36** |
| **I-V** | **186** | **102** | **40** | **50,00** | **29** | **36,25** | **10** | **12,50** | **1** | **0,25** | **80** | **100** | | | | | | | | | **4,34** |
| **VI** | **30** | **16** | **8** | **26,60** | **14** | **46,66** | **7** | 23,38 | **1** | 3,33 | **30** | **100** | | | | | | | | | **4,20** |
| **VII** | **38** | **19** | **11** | **28,94** | **17** | **44,73** | **9** | 23,63 | **1** | 2,63 | **38** | **100** | | | | | | | | | **4,00** |
| **VIII** | **55** | **29** | **18** | **32,72** | **10** | **18,18** | **23** | 41,81 | **4** | 2,23 | **55** | **100** | | | | | | | | | **3,76** |
| **IX** | **32** | **12** | **6** | **18,75** | **9** | **28,12** | **16** | 50,00 | **1** | 3,12 | **32** | **100** | | | | | | | | | **3,62** |
| **VI-IX** | **155** | **76** | **43** | **27,24** | **50** | **32,25** | **55** | 35,48 | **7** | 5,16 | **155** | **100** | | | | | | | | | **3,89** |
| **I-IX** | **341** | **178** | **83** | **61,48** | **79** | **58,54** | **66** | 48,89 | **8** | 6,66 | **235** | **100** | | | | | | | | | **4,11** |

Јуни 2025 год.

Бистрица

**Директор**

________________________

**/Татјана Апостоловска Ѓоргиевска/**

**Претседател на УО**

**-------------------------------**

**/ Дејан Димовски /**